Друштво за снабдување со пареа и топла вода
ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД
Бр. 0302-165/1
13.07 2026 год.
СКОПЈЕ

ENERGY ECOLINK

ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД СКОПЈЕ/ ENERGY ECOLINK SHA SHKUP
СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА/ FURNIZIMI I NXEHTËSIS

До:
Македонска берза на хартии од вредност АД
ул.Орце Николов бр.75 Скопје

**ПРЕДМЕТ**: **Известување за промени во органите на управување и раководење согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност**

Почитувани,

Согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Р.Македонија" бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр. 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25), Ве известуваме дека на ден 03.07.2026 година донесени се одлуки со кои е извршена промена во органите на управување и раководење на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Енерџи Еколинк АД Скопје.

На редовната годишна седница на Собранието на акционери на Енерџи Еколинк АД Скопје, одржана на ден 03.07.2026 година, донесена е Одлука за констатирање на оставка на член на Одборот на директори – Извршен член и Генерален директор и избор на член на Одборот на директори на Друштвото.
Со наведената одлука се констатира оставката на:

- Ајри Шеј – член на Одборот на директори – Извршен член и Генерален директор на Енерџи Еколинк АД Скопје.

Со денот на донесување на одлуката, престанува неговото членство во Одборот на директори, како и функцијата Извршен член на Одборот на директори – Генерален директор на Друштвото.

Истовремено, Собранието на акционери го избра:

- Гоце Трпчевски – за член на Одборот на директори на Енерџи Еколинк АД Скопје, со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на донесување на одлуката.

Дополнително, Одборот на директори на Енерџи Еколинк АД Скопје, на својата седница одржана на ден 03.07.2026 година, донесе Одлука со која Гоце Трпчевски се избира за Извршен член на Одборот на директори – Генерален директор на Друштвото, со мандат во траење од 4 (четири) години.

ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД Скопје
Главен оперативен директор
Ирена Вујачиќ Милутиновиќ